## 3.3. Надворешен долг[9]

***Пораст на надворешниот долг од 2,3 милиони САД долари...***

Надворешниот долг на Република Македонија по долгорочни кредити во јули 2003 година се зголеми за 2,3 милиони САД долари и на 31.07.2003 изнесуваше 1.624,9 милиони САД долари. Зголемувањето на надворешниот долг[10] се должи на поголемите користења на кредити во однос на отплатите по главнина. Притоа, поради благата апресијација на доларот во однос на другите валути во јули 2003 година беа остварени негативни курсни разлики[11] во износ од 2,3 милиони САД долари.

***...при што од странските кредитори се повлечени 24,5 милиони САД долари...***

Во текот на јули повлекувањата по веќе одобрени долгорочни кредити изнесуваа 24,5 милиони САД долари. Најголем дел од средствата се повлечени од официјалните кредитори (во целост од мултилатералните кредитори), и тоа од Светската Банка (12,8 милиони САД долари) и од Меѓународното здружение за развој (9,5 милиони САД долари) врз основа на проекти за преструктуирање на финансискиот сектор и претпријатијата. Повлекувањата од приватните кредитори (банки и финансиски институции) изнесуваат 1,0 милион САД долари.

***...а се отплатени 21,0 милион САД долари врз основа на главнина***

Вкупните отплати кон странство по користени долгорочни кредити во јули 2003 година изнесуваа 29,4 милиони САД долари. Од нив, отплатите врз основа на главница изнесуваат 21,0 милион САД долари, а врз основа на камата 8,4 милиони САД долари. Притоа, 19,7 милиони САД долари се отплати кон официјалните кредитори, додека 9,7 милиони САД долари се отплатени кон приватните кредитори.

Новосклучените кредити со странските кредитори во текот на јули 2003 година изнесуваа 6,6 милиони САД долари. Од нив, новите кредити со билатерални кредитори изнесуваат 3,4 милиони САД долари, а останатите 3,2 милиони САД долари се склучени со приватни кредитори.

Графикон 26
Користени кредити и отплатени обврски
(во милиони САД долари)




[9] Претходни податоци на НБРМ. Податоците се однесуваат на долгот на Република Македонија кон странство врз основа на користени долгорочни кредити.
[10] Достасаната неплатена камата и оценетата задоцнета камата се капитализираат и заедно со обврските по главнина се искажуваат во состојбата на долгорочниот долг.
[11] Негативните курсни разлики делуваат во насока на намалување на надворешниот долг.

Во периодот јануари-јули 2003 година, вкупниот износ на платени обврски кон странските кредитори (134,9 милиони САД долари) го надмина износот на користени кредити (119,8 милиони САД долари).